септември 2014

МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР #24

## ОДЛИЧНА ЗАБАВА СО РИСОТ СПАСЕ

На 12 и 19 јули во Зоолошката градина во Скопје се одржа настан за промоција на балканскиот рис - симбол на дивината во Македонија. Настанот го организираа МЕД, Еко-свест и Фронт 21/42 како дел од проектот „Програмата за закрепнување на балканскиот рис“, а поддржан од проектот „Да го спасиме синото срце на Европа“. Целта на настанот беше луѓето да се запознаат со основните животни навики на балканскиот рис. За време на настанот, во соработка со општината Центар, на улица Македонија беа поставени стапалки од рисот и информативни пораки за ова животно. За децата беа организирани интерактивни предавања во едукативниот центар во Зоолошката Градина во Скопје. Настаните имаа одлична посетеност од страна на најмладата популација која со голем интерес ги следеше предавањата. Родителите имаа прилика да го погледнат документарниот филм „Во срцето на Балканот - барајќи го рисот“. Во организирана прошетка во рамките на настанот, дечињата имаа можност да се запознаат со рисовите кои живеат во Зоолошката градина и да го видат нивниот подмладок. За најсреќните беа доделени награди, а на сите учесници им беа поделени тематски боенки, информативни материјали и постери со рисот. Дечињата имаа можност да ги споделат своите впечатоци преку цртеж или да остават порака до рисот. За најсреќните беа доделени награди.

Ова се дел од пораките:

*Рисот Спасе е македонскиот* ***тигар!“*** *– напиша Гордана Богдановска*

***„Чувајте ги рисовите, тие имаат многу убави ушенца“*** *– напиша Ивона Ласкова.*

*Од Матеј до рисот:* ***„Македонија да е земја каде ќе се чувствуваш сигурно и заштитено“.***

***„Заштитете го рисот, тоа е нашето богатство“*** *– Ангелина Арсова.*

***„Здраво Рису, јас се викам Миодраг и кога ќе пораснам ќе се грижам да ти биде убаво“.***

***„Рису биди добар и чекај ме да пораснам за да ти помагам“ –*** *Миодраг.*

***„Сакам да запознам уште многу рисови“*** *– напиша Матеј Зивовски.*




FRONT 21/42 Еко-свест RiverWatch EuroNatur

# Заканите за преселните видови птици – основа за соработка на МЕД со различни сектори



Првата фаза од проектот „Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот", реализиран од МЕД во соработка со BirdLife International и фондацијата MAVA заврши во септември 2014 година. Главната цел на проектот беше утврдување на типот и опсегот на заканите за птици во Македонија, како и остварување конкретна соработка со соодветните сектори. За таа цел, во периодот од април до септември, беа спроведени серија теренски истражувања, два повеќедневни кампови за следење на преселбата на птиците и две работилници со различни сектори како засегнати страни.

На 15 април во Скопје беше одржана работилницата со наслов *„Птиците и ветерните електрани – преглед на домашните и странските искуства и идни насоки за меѓусекторска соработка"*, со цел размена на искуства од оваа област на сите заинтересирани страни и разгледување на можностите за одржување на понатамошна комуникација во прилог на успешни енергетски проекти и зачувување на биолошката разновидност. Презентации одржаа претставници од Секторот за развој и инвестиции на ЕЛЕМ и од Бугарското друштво за заштита на птиците (БДЗП, BirdLife Бугарија), кои ги презентираа сопствените искуства во плановите и последиците при искористување на енергијата на ветер.



Во јуни, беа реализирани уште две еднодневни работилници на тема *„Птиците и одржливите земјоделски практики – преглед на домашни и странски искуства"* во Овче Поле и Пелагонија, двата најзначајни земјоделски региони во Македонија. Целта на работилниците беше поставување на добра платформа за размена на искуства меѓу сите заинтересирани владини институции, локални организации и агенции за рурален развој, големите земјоделски комбинати од двата региони, како и индивидуалните земјоделци за значењето на одржливите земјоделски практики при заштитата на птиците. За успешно реализирање на работилниците свој придонес дадоа предавачите од Бугарското друштво за заштита на птиците (БДЗП, BirdLife Бугарија) и од Асоцијацијата БИОМ од Хрватска.

Камповите за следење на преселбата на птиците долж Вардар се одржаа во два наврати (јули и август 2014 година) над Стојаково, Гевгелиско. И во двата наврати, не можеше да се потврди дали преселните птици гнездилки кои доаѓаат во Македонија го користат овој коридор за преселба. Од забележаните закани се потврди дека уништувањето и фрагментацијата на живеалиштата е со најголемо негативно влијание за преселните видови птици.

Во најавената втора фаза на проектот, се очекува фокусот да биде ставен на утврдување на преселните патишта за птиците во Македонија и воспоставување на конкретна соработка со клучните чинители од енергетскиот сектор.

MAVA FONDATION POUR LA NATURE | BirdLife INTERNATIONAL | МЕД MES

Контакт: Данка Узунова
*uzunova@mes.org.mk*

# ИНФОРМАТОР # 24

## „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица”

Теренските активности за проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица” беа реализирани во периодот јули–септември 2014 година. Со помош на експертите од хидробиолошкиот тим, беа спроведени истражувања со кои беа опфатени поголемите водни површини на Јабланица. Посетени беа водните текови и сливовите на реките Есенца, Подолга, Подгоречка Река, Лакавичка, Јабланичка Река, Пискупштинска Река, Сушица, Ленишка Река, како и глацијалните езера, Подгоречко, Вевчанско и Лабунишко Езеро. За утврдување еколошкиот статус на водните тела, теренските активности беа спроведени во два наврати и тоа во услови на поволен и во услови на неповолен водостој.



Експертскиот тим за шумарство и ерозија изврши проценка на состојбата на шумските површини. Со истражувањата беа опфатени делови на јужниот, средишниот и северниот дел на планината. Во исто време беше спроведена и утврдена и еколошка анализа на влажните живеалишта преку детерминирање на постоечките виши растителни видови.

Контакт: Ивана Лозановска
***lozanovska@mes.org.mk***

Една од активностите на целокупниот проект „Living well in harmony with the Drin (Act4Drin)” финансиран од Партнерскиот фонд за заштита на критични екосистеми (Critical Ecosystem Partnership Fund) е снимање на документарен филм за сливното подрачје на реката Дрим. Истата активност ја спроведува партнерската организација Mediterranean Information Office for Environment, Culture and Sustainable Development (MIO-ECSDE). За потребите на документарниот филм, првичните снимања се завршени, а истите беа направени на планината Јабланица.



CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

## Проект „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“

**Студиски посети во општините од планинскиот масив Јабланица-Шебеник**



Претставници од невладини организации, претпријатија за стопанисување со водни и шумски ресурси како и претставници на општини од двете земји на 19 и 20 јуни 2014 година, ги посетија општините Струга и Вевчани и се запознаа со природните и културните вредности на овој регион.

Група од регионот на Струга и Вевчани на 26 и 27 јуни ја возврати посетата во националниот парк „Јабланица-Шебеник“ во Албанија, имајќи ја можноста да разговараат со Управата на паркот, а воедно и да посетат едно од планинските села во Паркот каде се прават првите чекори за развој на селски туризам.

Во рамките на овие посети, претставниците од двете држави беа пречекани и од градоначалниците на шест погранични општини во Македонија и Албанија, коишто ја изразија својата поддршка кон проектот како и волјата заеднички да се делува кон заштита на природните вредности на планинскиот масив. По тој повод градоначалниците од Македонија и Албанија потпишаа и писмо за поддршка на проектот.

*Проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“ е финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија на Европската Унија.*

## По патеките на волкот, рисот и мечката – студентски камп во националниот парк „Јабланица-Шебеник“, Албанија

**30-тина студенти од Македонија и Албанија во август 2014 година во Фуш Студен, Албанија, учествуваа на летен студентски камп**



За време на седумдневниот камп, студентите се запознаа со природните вредности на Паркот и научија повеќе за засегнатите видови на Балканот (цицачи, габи, растенија и инсекти).

- *Се што доживеавме во Фуш Студен за мене беше незаборавно, посебно уживав во прошетките низ планината или подобро речено низ патеките коишто ги користат и дивите животни како мечката, рисот, дивата свиња...*, вели Алтина Исмаили, дипломиран еколог од Струга.

Според Борис Најдовски, постдипломец на Шумарскиот Факултет од Скопје ваквите обуки се многу важни за младите студенти коишто студираат природни науки.
- *Сметам дека ваквите активности се посебно важни за вмрежување на младите од разни професии за заштита на природата*, вели Најдовски, еден од учесниците на кампот од Скопје.

Дел од студентите имаа можност да поделат промотивни материјали и да направат интервјуа со локалното население од општината Стеблево во НП Јабланица-Шебеник.

- *За мене разговорот со старецот од село Лапга, беше многу интересен. Не очекував да ми каже дека редовно гледаат мечка која се гоштева со пченката од нивните ниви*, објасни Клаудија Кочи, постдипломец по едукација во природа од Тирана.
Кампот беше одлична можност за подигнување на свеста кај младите од двете држави за важноста на природните ресурси и нивното правилно искористување.

Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин
***pandurska@mes.org.mk***

# Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија

Проектниот тим во рамките на проектот и во соработка со локалните партнери, организираше повеќе настани:



Еколошкото друштво „Грашница“ организираше еколошки караван за промоција на Значајното растително подрачје Илинска-Плакенска Планина.

Настанот беше одржан на 2 август како дел од локална прослава на празникот.

Планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово го одржа првиот настан како дел од традиционалната планинарска тура Лешница. На третиот и последен ден од турата беше организирана планинарско-ботаничка тура на која заинтереси-раните планинари можеа да научат кои се најзначајните растителни видови што може да се сретнат на планинарската патека од Попова Шапка преку Горна Лешница и Лешница до Кадите на Кривошиска Река.



Изложбата „Дивите билки од мојот крај“ во организација на Арт Поинт Гумно беше отворена во Слоештица. Автори на уметничките дела се учениците од ОУ „Гоце Делчев“ од Демир Хисар и ОУ „Браќа Миладиновци“ од селото Жван.



Еколошкото друштво Грашница ги презентираше фотографиите и хербаризираните примероци од растенија од Илинска-Плакенска Планина пред граѓаните од Охрид и туристите.



Центарот за едукација и развој од Теарце организираше неколку настани во природа на кои учениците од локалните училишта се запознаа со биолошката разновидност на Значајното растително подрачје Шар Планина.



Членовите на Еко клубот во Младинскиот Културен Центар (МКЦ) Битола учествуваа на првиот Едукативен еколошки камп одржан на Пелистер. Кампот беше насочен кон запознавање на младите учесници од Битола со биолошката разновидност на Националниот парк Пелистер и можностите за нивно активно учество во научни истражувачки проекти, самостојно водење на помали проекти и активности кои би придонеле кон промоција на Пелистер како Значајно растително подрачје.



*Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од PlantLife*

Контакт: Наталија Меловска
***angelova@mes.org.mk***

# Во Дојран одржан и Летен еколошки тренинг камп 2014

Од 27 јуни до 1 јули во Дојран се одржа вториот дел од еколошкиот тренинг камп кој е дел од проектот „Едукација и јакнење на капацитетите за заштита на Дојранското Езеро, приоритетно клучно подрачје за биолошка разновидност“. Учесници на кампот беа средношколци од регионот (Струмица, Валандово, Богданци и Гевгелија) кои веќе учествуваа на зимскиот камп, но беа поканети и останати учесници кои пројавија интерес.



Кампот повторно спроведуваше голем дел од своите активности на терен, па така, методите за мониторинг на птици, водоземци, влекачи и инсекти беа претставени преку директна практична примена на различни делови од дојранското крајбрежје. Учесниците дополнително дознаа повеќе за видовите риби во езерото, промената на живеалиштата и користењето на ефикасна комуникација за цели на заштита на животна средина. Предавањата и теренските истражувања беа спроведени од страна на осум искусни експерти во различни полиња од МЕД. Особено интересен беше последниот ден на кампот на кој се одржа средба со претставници од Општината Дојран и Регионалниот центар за Животна Средина. Средбата беше отворена со презентација од експерт за заштита на животна средина од Северна Ирска, Клер Барнет од Кралското здружение за заштита на птици (RSPB). Г-ца Барнет презентираше искуства на RSPB во заштитата на водни живеалишта и езера слични на Дојранското Езеро кои послужија како одличен вовед во дискусијата за идните чекори во заштитата и можните начини на соработка.

Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*

CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

## ЕРАЗМУС интензивна програма за едукација за одржлив развој во заштитени подрачја

Двонеделниот курс одржан во јули 2014 година, во центарот за Едукација за одржлив развој (*Education for Sustainable Development - ESD*) во Амфиса, Грција, се базираше на преставување на главните принципи и методи на одржливиот развој преку активно вклучување и критичко размислување, партиципативни процеси, интердисциплинарни и систематски пристапи, како и вештини за подобрување на работата на 40 учесници од 11 држави. Во текот на различните фази на курсот и сесиите, учесниците меѓу кои и претставник на МЕД, беа во центарот на сите активности, реализирајќи различни задачи преку индивидуална или групна работа. Содржината на презентираните информации беше збогатена со вистински сценарија, па така учесниците можеа да споредат планови за управување на одредени заштитени области и да извлечат заклучоци; да спроведуваат интервјуа со персоналот на ESD во врска со различните едукативни активности кои центарот ги применува, итн. Секоја сесија се состоеше од воведен или формативен дел каде предавачите ги извлекуваа знаењата и вештините на учесниците поврзани со специфичната тема на сесијата; основно теоретско предавање; активност за имплементација (работилница) во текот на која студентите ги применуваа новите знаења односно анализа на прашањето, вежби за решавање на проблеми, идни сценарија, итн. Покрај тоа, во текот на курсот беа реализирани и сесии посветени на работа на терен. Во текот на сесиите, учесниците беа секојдневно оценувани користејќи различни алатки, прашалници, игри, евалуација, разгледување на вежби, итн., не само со цел да се оцени нивниот напредок, но, исто така, и да се покаже дали некоја од сесиите треба да се прилагоди за да ги задоволи нивните потреби. На последниот ден од курсот студентите учествуваа во сесијата евалуација, каде имаа можност да ги презентираат совладаните знаења, но воедно и да ги произнесат своите видувања за курсот во целост.

Летниот курс е долготрајна плодна соработка на тимот партнери кои се занимаваат со промоција на едукацијата за одржлив развој во рамките на различните заштитени подрачја, како УНЕСКО/МАБ биосферните резервати, Натура 2000 подрачјата, националните паркови итн. Овој тим го сочинуваат повеќе чинители, од кои најважни се двата поврзани партнери Грчката Национална комисија за УНЕСКО и Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа, Венеција (Италија), како и осум универзитети од Европа и тоа, Универзитетот од Атина, Алкдениз Универзитетот (Турција), Фредерик Универзитетот (Кипар), Техничкиот Универзитет од Каталонија (Шпанија), Техничкиот Универзитет од Бордо (Франција), Универзитетот Падова (Италија), Универзитетот Приморска (Словенија) и Универзитетот од Загреб од Хрватска. Други соработници беа MIO-ECSDE/MEdIES (Mediterranean Information Office for Environment, Culture and Sustainable Development/Mediterranean Education Initiative For Enviroment & Sustainability) и Центарот за еколошка едукација од Амфиса. Финансиската поддршка беше обезбедена од страна на Европската комисија.

Контакт: Светлана Пејовиќ
*arsovska@mes.org.mk*




Venice Office
Regional Bureau for Science and Culture in Europe
United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
UNESCO Chair on Sustainable Development Management and Education in the Mediterranean
HELLENIC REPUBLIC
National and Kapodistrian University of Athens
MIO-ECSDE
MEdIES
UNIVERSITÉ DE BORDEAUX
UPC



PRESPANET
a network of environmental NGOs for Prespa

ПРЕКУГРАНИЧНИ ПИСМО - No 1
МАЈ 2014

**Драги пријатели од прекуграничниот Преспански регион,**

Живееме во област со глобална слава поради неколку причини. Птиците, дрвјата, традиционалните села, византиските споменици, панорамските пејзажи и островите компонираат магична глетка за посетителите.

Човекот тука е присутен уште од праисториско време, и денеска околу 24.000 луѓе живеат покрај езерата. Овие луѓе ги делат истите природни вредности, како почвата и водата, така да, што и да се случи во една земја, влијае и на другата. Жителите и владите на трите земји мора да соработуваат за да ја заштитат и унапредат оваа област.

Овој информатор е начин за подобро да не запознаете и за да ги споделиме информациите и вестите од нашата област.

**Парк Преспа**

Важен чекор за меѓуграничната соработка се случи на 2 февруари 2000 година, кога прекуграничниот Преспа парк беше основан од тројцата премиери. Десет години подоцна, во 2010 година, трите земји и Европската Унија потпишаа нов договор, но Грција сеуште го нема ратификувано. Додека прекуграничниот Преспа парк сеуште не е основан, важните прашања како што е управувањето на водите на Преспа, кои ги засегаат жителите на оваа област и потребен е прекуграничен третман, се решаваат многу бавно.

Во оваа неповолна околност, ПреспаНет како нова иницијатива од страна на цивилното општество, ја подржува прекуграничната соработка и Преспа како единствена еколошки поврзана целина.

**Кои сме ние**

Во ПреспаНет членуваат пое една невладина организација од секоја земја :

Членовите на ПреспаНет имаат долга историја на делување во Преспа и соработка со сите релевантни чинители, како што се владините институции, општините, Националните паркови и секако локалните заедници. Во март 2013 година ја основаа ПреспаНет за интегрирана заштита и развој на Преспа.

Во периодот од 27 јуни до 6 јули 2014 година, во македонскиот дел на преспанскиот регион, беше дистрибуирано првото издание на прекуграничниот информатор на ПреспаНет. Оваа активност вклучуваше не само промоција на ова издание туку и информирање на граѓаните за активностите на прекуграничната мрежа и дискусија за развојот и заштитата на преспанскиот регион. За оваа цел, беа посетени најфреквентните и најпосетените места во Ресен и околината. Информатори беа доставени и во основните и средните училишта, потоа во угостителските објекти и сите јавни места во селата од регионот. Во исто време, информаторот беше изложен и на интернет со цел поголема достапност до населението.

Од дискусијата со граѓаните, дознавме дека тие се навистина заинтересирани за сé што се случува во нивната околина и дека сакаат да бидат запознаени со идните активности кои се преземаат. Овој податок само придонесува кон општиот впечаток дека грижата за природата треба да биде севкупна и дека заеднички треба да се залагаме за нејзина заштита и унапредување.





Контакт: Даниела Заец
*zaec@mes.org.mk*

## „Преспански Јаболкобер“



Во чест на јаболкото и отпочнувањето на бербата на јаболка, во Ресен по 14-ти пат се одржа манифестацијата „Преспански Јаболкобер“, која ги промовира активностите од обласка на земјоделието, културата, туризмот, уметноста и спортот.
Почетокот на овогодинешниот Преспански јаболкобер беше означен со средба на „Роднокрајните уметници“ каде беа изложени делата на 28 уметници од различни генерации.
Во рамките на манифестацијата на главната улица беа поставени преку 40 штандови на кои претежно беше изложена земјоделска опрема и механизација.
Во раните претпладневни часови, на градскиот плоштад во Ресен традиционално започна богатата културно уметничка програма. Последниот ден од Јаболкоберот беше искористен и за да се стави во функција Постојката за производство на компост со која во иднина ќе управува ЈКП Пролетер.

Оваа повеќедневна манифестација МЕД ја искористи за дополнителна промоција и афирмација на работата и активностите на ПреспаНет. За време на штандовската презентација беа поделени уште мал дел од изданието на информаторот на Преспа Нет, а воедно и остварена комуникација со повеќе чинители од општината.

Контакт: Данисла Засц
*zaec@mes.org.mk*





# Обука за сертификација на шуми за шумскиот сектор од осоговскиот регион



МЕД заедно со партнерите од Бугарија, Бугарската фондација за биолошка разновидност - БФБ, во рамките на проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас" финансиран од Про Натура, на 3 и 4 јули организираше обука за сертификација, зачувување, одржливо искористување и управување со шумите во Ќустендил, Бугарија. На обуката учествуваа дваесетина учесници од двете држави, претставници на шумските стопанства како ЈП Македонски шуми, шумарските факултети од Скопје и Софија, Дирекцијата за управување со шумите на Бугарија.



Во текот на обуката експертите за сертификација на шумите од Бугарија го презентираа концептот за шумска сертификација, основните придобивки од примената на инструментот, шемите и стандардите во сертификацијата (по *Programme for the Endorsement of Forest Certification - PEFC* и *Forest Stewardship Council - FSC*), како и самиот процес на сертификација.



Основната идеја на обуката беше да се претстават придобивките од одржливото стопанисување со шумите со цел подоцнежно спроведување на стандардите.

По одржаната обука, организирани беа неколку состаноци со шумските стопанства од регионот и експертите, на кои беше договорено започнување на идентификување на шуми со високо природно значење на Осогово, кое првично ќе се спроведе во кочанскиот регион.

pro natura

БЪЛГАРСКА ФОНДАЦИЯ БИОРАЗНООБРАЗИЕ

Контакт: Деспина Китанова
*kitanova@mes.org.mk*

## Волонтирање во МЕД

Во периодот од средината на јуни до средината на јули, МЕД беше домаќин на волонтерката Клер Барент од Кралското здружение за заштита на птици од Северна Ирска (RSPB Northern Ireland). Клер е експерт за заштита на видови и живеалишта и веќе седум години работи за RSPB. Нејзиното волонтирање беше овозможено преку BirdLife International чиј претставник за Македонија е МЕД.



Клер беше активно вклучена во теренските истражувања на МЕД како цензусот на штркови, мониторингот на птици преселници и анализата на организациските капацитети на МЕД. Таа дополнително учествуваше во спроведувањето на еколошкиот тренинг камп во Дојран, каде одржа и презентација за сличните предизвици со кои се соочуваат водните живеалишта во Северна Ирска.

## Донација во МЕД

Тимот на МЕД се заблагодарува на госпоѓата Хајди Хенкелс, долгогодишен поддржувач на работата на нашата организација, за донацијата на финансиски средства и научна литература од непроценлива вредност. Се надеваме дека заеднички ќе ја постигнеме мисијата зад која стоиме.



## Волонтери во МЕД

Првата средба на новата група на волонтери во МЕД се одржа на 24.09.2014 и на неа се запознаа сите нови членови кои заеднички ќе организираат одбележување на Европскиот ден на набљудување птици.



Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*